**ОПШТИНА КАРПОШ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**

Број: 11-1743/14
Датум: 18.08.2021
Скопје

Врз основа на член 35, став 1,2,3,4,5,6,7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е
## за организирање на Повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Конечен предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ 03, Блок ССИ 03.07, Општина Бутел и Општина Карпош, Скопје.

Повторната Јавната анкета по Конечен предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ 03, Блок ССИ 03.07, Општина Бутел и Општина Карпош, Скопје, ќе се одржи од 19.08.2021 година до 25.08.2021 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош, Скопје.

Повторната Јавна презентација по Конечниот предлог Детален урбанистички план за Градска четврт ССИ 03, Блок ССИ 03.07, Општина Бутел и Општина Карпош, Скопје, ќе се одржи на ден 20.08.2021 год., во 14.00 часот, во просториите на Општина Карпош, Скопје.

Границата на планскиот опфат е дефинирана со границите на блокот ССИ 03.07, како што е одреден со Регулацискиот план на ГУП на Град Скопје за четврт ССИ 03 2018-2022, Истата се движи:

- на север по осовината на градската магистрална улица „Словенечка" (В.03-С.05), како што е планирана со ГУП на Град Скопје 2012-2022,
- на исток по осовината на новопланирана сервисна улица „С9", како што се планирани со РПЧ ССИ 03 Скопје 2018-2022,
- на југ по осовината на новопланирана сервисна улица „С2", како што се планирани со РПЧ ССИ 03 Скопје 2018-2022,
- на запад по осовината на новопланирана сервисна улица „С3", како што се планирани со РПЧ ССИ 03 Скопје 2018-2022.

Површината на блокот ССИ 03.07 до регулациската линија на ниво на блок како што е дефинирана со РПЧ ССИ 03 Скопје 2018-2022, изнесува 20,866 ха.

Анкетните листови за учество на Повторната Јавна анкета ќе бидат во просториите на Општина Карпош.

ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Соопштението за организирање на Повторна Јавна Презентација и Јавна анкета и за Конечниот предлог Деталниот урбанистички план за Градска четврт ССИ 03, Блок ССИ 03.07, Општина Бутел и Општина Карпош, Скопје, со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош - www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев

STEFAN BOGOEV

Digitally signed by STEFAN BOGOEV
Date: 2021-08-18 14:15+02:00

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*